У-6.бр.1409/2020

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Марта Телегравчиска - претседател на советот, Рамије Цара и м-р Ѓоко Живковски - членови на советот, со записничар Анета Стевановиќ - судски соработник, одлучувајќи по Барањето за донесување на времена мерка во постапката по тужбата на тужителот Друштво за промет и услуги ФАРМАС МН ДООЕЛ Скопје, преку полномошник Борис Ношпал, адвокат од Скопје, против Решение број 09-716/10 од 11.08.2020 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки, на ден 26.08.2020 година, согласно член 29 од Законот за управните спорови, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот Друштво за промет и услуги ФАРМАС МН ДООЕЛ Скопје, Управниот суд да донесе решение за времена мерка со кое ќе се одложи извршувањето на конечниот управен акт- Решение број 09-716/10 од 11.08.2020 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки и да се задолжи тужениот орган да изврши времено уредување на состојбата во однос на спорниот правен однос се до правосилно завршување на постапката по тужбата, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот - Друштво за промет и услуги ФАРМАС МН ДООЕЛ Скопје, до Управниот суд, поднесе тужба за поведување на управен спор, против Решение број 09-716/10 од 11.08.2020 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки со предлог тужбата да се уважи, а решението да се поништи и предметот се врати на повторно постапување и одлучување со давање на јасни напатствија за постапување. Тужбата е заведена во Судот под У-6.бр.1410/2020.

Со тужбата тужителот истакна и посебно Барање, согласно член 29 од Законот за управните спорови, Управниот суд да донесе решение за времена мерка со кое ќе се одложи извршувањето на конечниот управен акт - Решение број 09-716/10 од 11.08.2020 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки и да се задолжи тужениот орган да изврши времено уредување на состојбата во однос на спорниот правен однос на начин што ќе донесе одлука со која ќе му наложи на договорниот орган ЈЗУ - Институт за трансфузиона медицина на РСМ Скопје да го одложи склучувањето на Договорот со избраниот економски оператор АД-Д-Р ПАНОВСКИ - Скопје се до правосилно завршување на постапката по тужбата.

Управниот суд, Барањето за донесување на времена мерка го достави на одговор до тужениот орган, кој во дадениот рок се произнесе и предложи истата да се одбие од причина што со предметната тужба со ниту еден доказ не се докажува веројатноста дека се исполнети законските услови за донесување на времена мерка.

Со оспореното Решение- жалбата на сега тужителот ,,ФАРМАС МН" ДООЕЛ Скопје, изјавена преку полномошник адвокат Борис Ношпал од Скопје, против Одлуката за избор на најповолна понуда од 07.07.2020 година, донесена по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.06799/2020 за набавка на стоки – кеси за земање крв со остапување на користење на опрема за преработка на крвта и крвните компоненти на Договорниот орган ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија Скопје, се одбива поради неоснованост.

Судот, постапувајќи по Барањето за донесување на времена мерка, најде дека Барањето за донесување на времена мерка е неоснована, поради следното:

Согласно член 29 став 1 од Законот за управните спорови (Сл.весник на РСМ бр.96/2019), судот може да издаде времена мерка на барање на странката, доколку тоа е потребно за да се избегне сериозна и неотстранлива штета.

Согласно став 4 од овој член, тужбата, со барањето за издавање на времена мерка не го спречува извршувањето на актот против кој е поднесена, освен ако со закон не е поинаку уредено.

Согласно став 5 од овој член, на барање на тужителот, Судот ќе го одложи извршувањето на оспорениот акт до донесувањето на правосилна одлука, доколку со извршувањето на актот би му се причинила на тужителот штета која тешко може да се надомести. При одлучувањето, судот мора во согласност со начелото на пропорционалност, да го земе предвид јавниот интерес како и интересот на тужителот и заинтересираните лица.

Од увид во списите на предметот како и прилозите доставени кон Барањето за донесување на времена мерка произлегува дека Договорниот орган - ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија Скопје, спровел постапка за јавна набавка со Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.06799/2020 за набавка на стоки – кеси за земање крв со остапување на користење на опрема за преработка на крвта и крвните компоненти, за што претходно била донесена Одлука за отпочнување на постапка за доделување на договорот за јавна набавка од 08.05.2020 година и измена на Одлуката за отпочнување на постапка за доделување на договорот за јавна набавка од 08.05.2020 година. Наведената Одлука беше обжалена при што сега тужениот орган го донел сега оспореното решение.

Во смисла на цитираните одредби, одложувањето на извршувањето на управниот акт против кој е поведен управниот спор може да се допушти само на барање на тужителот. За да се одлучи по барањето и истото да се уважи треба да се исполнат следните претпоставки: да е пристапено кон извршување на актот до донесување на одлуката на судот; тужителот во рок да повел управен спор против управниот акт; да постои уверување дека со извршувањето на управниот акт што се оспорува во управен спор на тужителот ќе му се нанесе штета која тешко би можела да се поправи; одложувањето на управниот акт да не е спротивно на јавниот интерес, ниту со одложувањето на извршувањето би се нанела ненадоместлива штета на спротивната страна, ако постои. Сите овие претпоставки треба кумулативно да бидат исполнети, за да може да се постапи и да биде усвоено барањето на тужителот за одложување на извршувањето на управниот акт до завршувањето на управниот спор.

Управниот суд, постапувајќи по Барањето на тужителот за донесување на времена мерка, од увид во прилозите кон Предлогот (само оспорениот акт и Образец на записник од увид на мостри), оцени дека не се исполнети условите за постапување по член 29 од Законот за управните спорови за да ја донесе предложената времена мерка да се одложи извршувањето на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки до конечно завршување на постапката по предметната тужба. Ова, од причина што тужителот со ниту еден доказ не стори веројатно дека во конкретниот случај постојат горенаведените законски претпоставки за одложување на извршувањето на оспорениот акт како и не стори веројатно дека со извршувањето на оспорениот управен акт би му се нанела штета која тешко би можела да се поправи, поради што Судот Барањето за времена мерка го одби како неосновано.

При одлучување по Барањето за донесување на времена мерка на тужителот, во смисла на член 38 став 1 точка 3 од Законот за управните спорови, Управниот суд одлучи без одржување расправа во смисла на начелото на ефикасност од член 11 од Законот за управните спорови, од причина што одржувањето на јавната расправа би било спротивна на исполнување на неопходните мерки за заштита на јавното здравје во услови на пандемија, кога судот не може да обезбеди минимални услови за безбедно одржување на истата, согласно Одлуката за постапување на судовите во СРМ во услови на зголемена опасност од вирусот Ковид-19 бр.02-606/1 од 17.03.2020 година и Одлуките за измена и дополнување бр.02-606/2 од 07.05.2020 година и бр.02-606/4 од 29.05.2020 година.

При ваква состојба, судот најде дека не се исполнети кумулативните законски претпоставки нужни за уважување на барањето за определување на времена мерка во смисла на член 29 од Законот за управните спорови, па одлучи како во изреката на ова решение.

Решено во Управниот суд на ден 26.08.2020 година под У-6.бр.1409/2020.

Записничар - судски соработник
Анета Стевановиќ

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 3 дена од приемот на истото, преку овој суд до Виш управен суд.

Решението да се достави на:
- тужител - преку полномошник
- тужен орган

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

АГК/

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ 10 SHKUP GJYKATA ADMINISTRATIVE REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник
4